**Оглас за вработување на физиотерапевт во станбени единици за живеење со поддршка (мали станбени единици) во општина Велес – договор на услуга**

*02 февруари 2022*

Здружението Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој” во соработка со проектните партнери - Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија; ЈУ Специјален Завод Демир Капија; Општина Демир Капија; Фондација Лоза, Шведска има потреба од **еден (1) физиотерапевт во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата** во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата (мали станбени единици) на лица со интелектуална попреченост во општина Велес, во рамките на проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка” – ТИМОР

**За проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР“**

Проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка” – ТИМОР е финансиран од Европската Унија во рамки на Акциската програма на ЕУ за поддршка во образованието, вработувањето и социјалната политика, ИПА II 2017.

Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иноватини социјални услуги.

Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со посебни потреби кои живеат во резиденцијални институции, преку нивно раселување во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социајлни услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот. Период на имплементација на проектот: 02.01.2020 – 01.01.2023 година

*Специфични цели* на проектот:

- Воспоставување на услови за процесот на деинституционализација;
- Раселување на лица со попреченост во во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата;
- Обезбедување иновативни социјални услуги за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството;
- Подигање на јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот

The project is funded by the European Union.

ЦеПроСАРД во за потребите на проектот вработува **еден (1) физиотерапевт** кој ќе работи **15 работни денови во месецот** одговорен за три (3) мали станбени единици формирани на територија на о. Велес за живеење со поддршка во заедницата, каде секоја единица има по 5 лица корисници на услугата со интелектуална попреченост.

Вработувањето ќе се изврши врз основа на договор на услуга во рамки на проект за 4 месеци во временскиот период февруари 2022 година - јануари 2023 година. По завршувањето на проектот, *Здружението ЦеПроСАРД* ќе изврши проценка на потребните позиции во согласност со Правилникот за социјални услуги на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) на Република Северна Македонија, за продолжување или скратување на работната позиција.

**Задачи на лицето за стручна поддршка**

- Да зборува и пишува на македонски јазик;
- Проактивност и учество во подготвителни активности за оспособување и функционалност на малите групни домови на териоторија на о.Велес;
- Да остварува активна комуникација со проектниот тим во текот на работниот ангажман;
- Да ја координира работата со останатиот стручен тим;
- Го уредува, обезбедува и координира давањето на услуги во силно партнерство со другите даватели на услуги и согласно плановите за работа со корисниците;
- Соработува со стручниот тим и ги спроведува ниввните инструкции и налози во корист на корисниците, за сите поромени во однесувањето на корисниците го известува координаторот
- Да ја почитува политиката за заштита на лица со попреченост;
- Да врши помошно-стручна работа, во насока на ефективно, ефикасно и навремено постапување и решавање на прашањата и проблемите поврзани со здравствена заштита, негата на корисниците;
- Да ги идентификува потребите на корисниците;
- Да се спроведе постурална проценка;
- Да се влијае на подобрување на постурата и мобилноста според индивидуалните потреби на корисникот;
- Да се подобри општата и кардио-респираторната функционалност кај корисниците;
- Да се опсервираат и идентификуваат дополнителни физички здравствени проблеми;
- Да изработи индивидуален план на активности за секој корисник;
- Да ја одржува физичката активност кај корисниците;
- Да спроведува индивидуални и мануелни масажи, вежби за релаксација, вежби за намалување на спазмот, вежби за јакнење на мускулатура, вежби за намалување на контрактури
- Да презема активности за подобрување на телесната функционалност и моторниот развој кај корисниците, и извршува дневни активности кои водат кон социјализација и социјално вклучување;
- Да води евиденција за дадените услуги;
- Применува и спроведува активности за стимулација на функционалност на корисниците, соодветно на нивните потреби;
- Да постапува по стандарди и процедури од подрачјето за коешто е стручен, следи и применува современи методи и алатки на работа;
- Да учествува во изведување на програмски активности насочени кон стимулирање на развој, заедно со членовите на стручниот тим;

**Минимум услови**

- Завршено средно медицинско стручно образование-физиотерапевт / Универзитетска диплома – Дипломиран физиотерапевт;
- Минимум 2 годишно работно искуство во областа;
- Искуство во работа во слична единица за социјална заштита и/или директно искуство во давање услуги на лица со попречност ќе се смета за предност;
- Професионално и одговорно однесување;
- Силни меѓуперсонални и комуникациски вештини;
- Способност за управување со криза и давање решенија за управување со конфликти
- Силни аналитички вештини и вештини за критичко размислување;
- Добро познавање на пакетот MS Office;
- Силни писмени и усни комуникациски вештини на македонски јазик;
- Кондициона и здравствена способност за извршување на работната активност

*Напомена: Предност имаат пријавените кандидати со Универзитетска диплома.*

Според членот 22 од Правилникот за начинот и обемот на социјални услуги на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) на Република Северна Македонија, кандидатот не смее да има одземен или ограничен работнен капацитет, не смее да се лишени од родителски права, не смее да се осудувани осудувани за какво било кривично дело казниво со затвор на повеќе од шест месеци и да немаат никаква забрана за извршување на своите должности, активности и професии.

**Аплицирање/Пријавување**

Ги повикуваме кандидатите да достават целосна биографија на македонски јазик до 09.02.2022 на info@ceprosard.org.mk со наслов *Апликација за Физиотерапевт - Велес*

Апликантите/Пријавените лица/Кандидатите ќе бидат известени за резултатот од изборот до 11.02.2022. Кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју.

*Сите пријави ќе се сметаат за доверливи, во согласност со барањата за заштита на личните податоци.*

**Процес на избор/селекција**

Во „ЦеПроСАРД“ ја поддржуваме различноста и ги охрабруваме да се пријавуваат кандидатите бидејќи цврсто се спротивставуваме на секоја форма на дискриминација врз основа на раса, религија, боја, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, возраст, недисквалификувачки физички или ментален хендикеп или национално потекло.

Сите информации на пријавените лица ќе останат доверливи и ќе им бидат откриени само на овластени лица со цел да ги извршуваат своите должности. „ЦеПроСАРД“ гарантира дека овластените лица кои ќе имаат пристап до личните податоци на пријавените лица, целосно ги почитуваат одредбите за заштита на податоците, додека и самите подлежат на регулаторна обврска за доверливост.

За какви било прашања или појаснувања, слободно контактирајте нѐ на info@ceprosard.org.mk

The project is funded by the European Union.